| 1. 1. | Независно дали се или не се наведени во ТОод Листа V дел Б, дрво од иглолисни видови(Coniferales), со исклучок од Thuja L. и Taxus L, освен во форма на:<br>- деланки, делчиња, пилевина, струготина, отпад од дрво или отпадок добиен целосно или делумно од овие иглолисни видови,<br>- дрвен материјал за пакување, во форма на сандаци за пакување, кутии, сандаци, гајби, буриња и слични пакувања, палети, бокс палети и останата амбалажа за | Официјална изјава дека дрвото има поминато соодветен:<br>(а) топлотен третман за постигнување на минимална температура на срцевината на дрвото од 56°C во времетраење од најмалку 30 минути. За ова треба да има доказ со ознаката „НТ" ставена на дрвото или на пакувањето согласно со тековната употреба и во сертификатите во делот "дополнителна декларација",<br>или<br>(б) фумигација со упатства одобрени во согласност со постапката. За ова треба да има доказ со наведување на сертификатите во делот "дополнителна декларација". (ii), на активната материја, минималната температура на дрвото, дозата (g/m3) и времето на изложеност изразено во часови (h), |

[2] **Трети земји** за Република Северна Македонија се **европски земји и не- европски земји. Европски земји се земји на Европската унија:** Белгија, Бугарија, Чешка Република, Данска (освен Фарски Острови и Гренланд), Германија (освен островите Хелиголанд и територијата на Бисинген - Швајцарија), Естонија, Ирска, Грција, Шпанија (освен Сеута и Мелила), Франција (вклучувајќи ги териториите на Гвадалупе, Француска Гвајана, Мартиник, Реунион и Мајото, и со исклучок на француските прекуокеански земји и територии на кои се однесува четвртиот дел од ТФЕУ: Нова Каледонија; Свети Пјер и Микелон; Сен-Бартелеми, Сен Мартин, Валис и Футуна Острови, Француска Полинезија; Француски јужни територии), Хрватска, Италија (освен општините Ливињо и Чампион Д'Италија и националните води на езерото Лугано кои се наоѓаат меѓу брегот и политичката граница на областа помеѓу Понте Тереза и Порто సересио), Кипар, Латвија, Литванија, Луксембург, Унгарија, Малта, Холандија (освен неевропски територии), Австрија, Полска, Португалија (вклучувајќи ги Азурите и Мадеира), Романија, Словенија, Словачка, Финска, Шведска и Северна Ирска **идруги европски земји:** Албанија, Андора, Ерменија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Велика Британија, Каналските острови и островот Ман, Грузија, Исланд, Косово, Лихтенштајн, Молдавија, Монако, Норвешка, Русија (европски дел: Централно Федерален Дистрикт, Северозападен Федерален Дистрикт, Јужен Федерален Дистрикт, Севернокавкаски Федерален Дистрикт, Централен Дистрикт на Волга), Сан Марино, Србија, Турција, Украина, Црна Гора, Швајцарија. **Не - европски земји се** сите земји надвор од европскиот континент во кои спаѓаат: земјите од американскиот континент (Северна, Средна и Јужна Америка), земји од континентот Африка, земји од континентот Азија, земји од Пацифик, Австралија и Нов Зеланд.

| | | |
|---|---|---|
| | товарење, палети за прицврстување кои се користат во транспортот на објекти од сите типови<br>- дрво кое се користи за зацврснување или потпора на недрвен товар<br>- дрво од Libocedrus decurrens Torr. каде постои доказ дека дрвото било преработено или обработено за моливи употребувајќи топлотен третман за постигнување на минимум температура од 82 C0 за период од седум до осум денови, но вклучувајќи она кое ја нема задржано својата природна округла форма, кое потекнува од Канада, Кина, Јапонија, Република Кореја, Мексико, Тајван и САД, каде е познато дека се појавува *Bursaphelenchus xylophilus*(Steiner et Buhrer) Nickle et al. | или<br><br>(в) хемиска импрегнација со притисок со производ одобрен во согласност со процедурата. За ова треба да има доказ со наведување во сертификатите во делот "дополнителна декларација" на активната материја, притисокот (psi или kPa) и концентрација (%),<br><br>и<br><br>официјална изјава дека по третманот на дрвото, истото е транспортирано до неговото напуштање на земјата. Ваквата изјава се дава вон сезоната на лет на векторот*Monochamus*,земајќи ја предвид безбедноста граница од четири дополнителни недели на почетокот и на крајот од предвидента сезона на лет, или, исклучок се случаите во кои дрвото е без кора и со заштитно покривање со кое се гарантира дека нема да дојде до зараза со *Bursaphelenchus xylophilus* (Steiner et Bührer) Nickle et al. или неговиот вектор. |
| 1.2. | Независно дали се или не се наведени во ТО од Листа V дел Б, дрво од иглолисни видови(*Coniferales*), освен во форма на:<br><br>- деланки, делчиња, пилевина, струготина, отпад од дрво или остаток добиен целосно или делумно од овие иглолисни видови, кое потекнува од Канада, Кина, Јапонија, Република Кореја, Мексико, Тајван и САД, каде *Bursaphelenchus xylophilus* (Steiner et Buhrer) Nickle et al. е познато дека се појавува | Официјална изјава дека дрвото има поминато соодветен:<br><br>(а) топлотен третман за постигнување на минимална температура од 56°C во времетраење од најмалку 30 минути низ целото дрво (вклучително и во срцевината), второспоменатото треба да е наведено во сертификатите во делот "дополнителна декларација",<br><br>или<br><br>(б) фумигација со уплатства одобрени во согласност со процедурата. За ова ќе има доказ со наведување во сертификатите во делот "дополнителна декларација", на активната материја, минимумот на температура на дрвото, доза во (g/m3) и времето на изложеност изразено во часови (h),<br><br>и<br><br>официјална изјава дека по третманот на дрвото, истото е транспортирано до неговото напуштање на земјата. Ваквата изјава се дава вон сезоната на лет на векторот *Monochamus*, земајќи ја предвид безбедноста граница од четири дополнителни недели на почетокот и на крајот од предвидента сезона на лет или исклучок се случаите во кои дрвото е без кора и со заштитно покривање со кое се гарантира дека нема да дојде до зараза со *Bursaphelenchus xylophilus* (Steiner et Bührer) Nickle et al. или неговиот вектор. |

| | | |
|---|---|---|
| 1.3. | Независно дали се или не се наведени во ТО од Листа V дел Б, дрво од *Thuja* L., и *Taxus* L, освен во форма на:<br>- деланки, делчиња, пилевина, струготина отпад од дрво или отпадок добиен целосно или делумно,<br>- дрвен материјал за пакување, во форма на сандаци за пакување, кутии, гајби, котури за кабли и слични пакувања, палети, бокс палети и останата амбалажа за товарење, палети за прицврстување кои се користат во транспортот на објекти од сите типови<br>- дрво кое се користи за зацврснување или потпора на недрвен товар освен потпорен материјал што се користи за потпора на пратки од дрво, изработени од дрво од истиот вид и квалитет како и дрвото во пратката и што ги исполнува истите фитосанитарни барања на Република Северна Македонија, како и дрвото во пратката,<br><br>но, вклучувајќи и дрво што не ја задржало својата природна округла површина со потекнува од Канада, Кина, Јапонија, Република Кореја, Мексико, Тајван и САД, каде *Bursaphelenchus xylophilus* (Steiner et Buhrer) Nickle et al. е познато дека се појавува | Официјална изјава дека дрвото<br><br>(а) е без кората,<br><br>или<br><br>(б) има поминато сушење во комора под 20% содржина на влага, изразена како процент на суви материи, остварено преку соодветен распоред на време/температура. За ова ќе има доказ со ознаката "Kiln-dried" или "KD" или друга меѓународно призната ознака, ставена на дрвото или на пакувањето согласно сегашната употреба,<br><br>или<br><br>(в) има поминато соодветн топлотен третман за постигнување на минимална температура на срцевината на дрвото од 56°C во времетраење од најмалку 30 минути низ целото дрво (вклучително и во срцевината). За ова треба да има доказ со ознаката „HT" ставена на дрвото или на пакувањето согласно тековната употреба и сертификатите во делот "дополнителна декларација",<br><br>или<br><br>(г) има поминато соодветна фумигација со упатства одобрени во согласност со процедурата. За ова треба да има доказ со наведување во сертификатите, во делот "дополнителна декларација", на активната материја, минимумот на температура на дрвото, доза во (g/m³) и времето на изложеност изразено во часови (h),<br><br>или<br><br>(д) има поминато соодветна хемиска импрегнација со притисок со производ одобрен согласно процедурата. За ова треба да има доказ со наведување во сертификатите во делот "дополнителна декларација", на активната материја, притисокот (psi или kPa) и концентрацијата (%). |
| 1.5. | Независно дали се или не се наведени во ТО од Листа V дел Б, дрво од иглолисни видови (*Coniferales*), освен во форма на:<br>- деланки, делчиња, пилевина, струготина, отпад од дрво или отпадок добиен целосно или делумно од овие иглолисни,<br>- дрвен материјал за пакување, во форма на сандаци за пакување, кутии, сандаци, гајби, буриња и слични пакувања, палети, бокс палети и останата амбалажа за | Официјална изјава дека дрвото:<br><br>(а) потекнува од области познато дека се слободни од :<br><br>- *Monochamus spp.* (не – европски)<br><br>- *Pissodes spp.* (не – европски)<br><br>- *Scolytidae spp.* (не – европски)<br><br>Областа треба да е спомната во сертификатот под рубриката „место на потекло",<br><br>или<br><br>(б) е без кора и е слободно од ларвени ходници предизвикани од родот *Monochamus spp.* (не – европски) дефинирана за ова |

| | | |
|---|---|---|
| | товарење, палети за прицврстување кои се користат во транспортот на објекти од сите типови, освен потпорен материјал што се користи за потпора на пратки од дрво, изработени од дрво од истиот тип и квалитет како и дрвото во пратката и кое ги исполнува истите фитосанитарни барања на Република Северна Македонија како и дрвото во пратката,<br><br>но, вклучувајќи и дрво кое ја нема задржано својата природна округла форма, кое потекнува од Русија, Казакстан и Турција. | намена ако овие се со должина поголема од 3mm попречно во дијаметар,<br><br>или<br><br>(в) има поминато сушење во комора под 20% содржина на влага, изразена како процент на суви материи, остварено преку соодветен распоред на време/ температура. За ова ќе има доказ со ознаката "Kiln-dried" или "KD" или друга меѓународно призната ознака, ставена на дрвото или на пакувањето согласно тековната употреба,<br><br>или<br><br>(г) има поминато соодветен топлотен третман за постигнување на минимална температура од 56°C во времетраење од 30 минути низ целото дрво (вклучувајќи ја и срцевината на дрвото). За ова ќе има доказ со ознаката HT ставена на дрвото или на пакувањето согласно тековната употреба и во сертификатите во делот "дополнителна декларација",<br><br>или<br><br>(д) има поминато соодветна фумигација со упатства одобрени во согласност со процедурата. За ова треба да има доказ со наведување во сертификатите во делот "дополнителна декларација" на активната материја, минимумот на температура на дрвото, доза во (g/m$^3$) и времето на изложеност изразено во (h),<br><br>или<br><br>(ѓ) има помината соодветна хемиска импрегнација со притисок со производ одобрен согласно со процедурата. За ова треба да има доказ со наведување во сертификатите во делот "дополнителна декларација", на активната материја, притисокот (psi или kPa) и концентрацијата (%). |
| 1.6. | Независно дали се или не се наведени во ТО од Листа V дел Б, дрво од иглолисни видови (*Coniferales*), освен во форма на:<br><br>- деланки, делчиња, пилевина, струготина, отпад од дрво или отпадок добиен целосно или делумно од овие иглолисни видови,<br>- дрвен материјал за пакување, во форма на сандаци за пакување, кутии, сандаци, гајби, буриња и слични пакувања, палети, бокс палети и останата амбалажа за товарење, палети за | Официјална изјава дека дрвото:<br><br>(а) е без кора и е без ларвени ходници предизвикани од родот *Monochamus spp.* (не – европски) дефинирани за иста намена како и она дрво кое е со дијаметар поголем од 3mm,<br><br>или<br><br>(б) има поминато соодветно сушење во комора под 20% содржина на влага, изразена како процент на суви материи, остварено преку соодветен распоред на време/температура. За ова треба да има доказ со ознаката "Kiln-dried" или "KD" или друга меѓународно призната ознака, ставена на дрвото или на пакувањето согласно со сегашната употреба,<br><br>или |

| | | |
|---|---|---|
| | прицврстување кои се користат во транспортот на објекти од сите типови, освен потпорен материјал што се користи за потпора на пратки од дрво, изработени од дрво од истиот вид и квалитет како и дрвото во пратката и што ги исполнува истите фитосанитарни барања на Република Северна Македонија како и дрвото во пратката,но вклучувајќи го и она што не ја задржало својата природна тркалезна површина, со потекло од трети земји, освен од:<br>- Русија, Казакстан и Турција,<br>- Европските земји,<br>- Канада, Кина, Јапонија, Република Кореја, Мексико, Тајван и САД ,каде *Bursaphelenchus xylophilus* (Steiner et Buhrer) Nickle et al. е познато дека се појавува. | (в) има поминато соодветна фумигација со упатство одобрени во согласност со процедурата. За ова треба да има доказ со наведување во сертификатите во делот "дополнителна декларација", на активната материја, минимумот на температура на дрвото, доза во (g/m³) и времето на изложеност изразено во (h),<br><br>или<br><br>(г) има поминато соодветна хемиска импрегнација со притисок со производ одобрен во согласност со процедурата.За ова треба да има доказ со наведување во сертификатите во делот "дополнителна декларација", на активната материја, притисокот (psi или kPa) и концентрација (%),<br><br>или<br><br>(д) има поминато соодветен топлотен третман за постигнување на минимална температура од 56°C во времетраење од 30 минути низ целото дрво (вклучувајќи ја и срцевината на дрвото). За ова треба да има доказ со ознаката „HT" ставена на дрвото или на пакувањето согласно со сегашната употреба и во сертификатите во делот "дополнителна декларација". |
| 1.7. | Независно дали се или не се наведени во ТО од Листа V дел Б, дрво, во форма на деланки, делчиња, пилевина, струготина, отпад од дрво или отпадок добиен целосно или делумно од овие иглолисни видови (*Coniferales*) видови, потекнуваат од:<br><br>- Русија, Казакстан и Турција,<br>- Не-европските земји освен од Канада, Кина, Јапонија, Република Кореја, Мексико, Тајван и САД, каде *Bursaphelenchus xylophilus* (Steiner et Buhrer) Nickle et al. е познато дека се појавува. | Официјална изјава дека дрвото:<br><br>(а) потекнува од области познато дека се слободни од:<br><br>- *Monochamus* spp. (не – европски)<br><br>- *Pissodes* spp. (не – европски)<br><br>- *Scolytidae* spp. (не – европски)<br><br>Областа ќе е спомната во сертификатот под рубриката "место на потекло"<br><br>или<br><br>(б) е произведено од излупено округло дрво,<br><br>или<br><br>(в) има поминато сушење во комора под 20% содржина на влага, изразена како процент на суви материи, остварено преку соодветен распоред на време/ температура,<br><br>или<br><br>(г) има поминато соодветна фумигација со упатства одобрени согласно со процедурата. За ова ќе има доказ со наведување во сертификатите во делот "дополнителна декларација" на активната материја, минимумот на температура на дрвото, доза во (g/m³) и времето на изложеност изразено во (h),<br><br>или |

| | | |
|---|---|---|
| | | (д) има поминато соодветен топлотен третман за постигнување на минимална температура од 56°C во времетраење од 30 минути низ целото дрво (вклучително и во срцевината на дрвото), второспоменатото треба да е наведено на сертификатите во делот "дополнителна декларација". |
| 1.8. | Независно дали се или не се наведени во ТО од Листа V дел Б, дрво од *Juglans* L. и *Pterocarya* Kunth, освен во форма на:<br>- деланки, делчиња, пилевина, струготини, отпадоци од дрво и остатоци добиени во целост или делумно од овие растенија,<br>- дрвен материјал за пакување, во форма на сандаци за пакување, кутии, сандаци, буриња и слични пакувања, палети, бокс палети и останата амбалажа за товарење, рамки за палети, потпорен материјал, без разлика дали всушност се користи во превоз на предмети од сите видови, освен потпорен материјал што се користи за потпора на пратки од дрво, изработени од дрво од истиот тип и квалитет како и дрвото во пратката и кое ги исполнува истите фитосанитарни барања на Република Северна Македонија, како и дрвото во пратката,<br>но, вклучувајќи го и она што не ја задржало својата природна тркалезна површина, со потекло од САД. | Без оглед на одредбите што се применуваат за дрвото од Листа IV дел Асекција 1, точки (2.3), (2.4) и (2.5), официјална изјава дека дрвото:<br>(а) потекнува од област слободна од *Geosmithia morbida* Kolarík, Freeland, Utley & Tisserat и нејзиниот вектор *Pityophthorus thorus juglandis* Blackman, утврдена од страна на Националната организација за заштита на растенија во согласност со релевантните меѓународни стандарди за фитосанитарни мерки, и која е спомената на сертификатите во делот "дополнителна декларација",<br>или<br>(б) поминало соодветен топлотен третман со цел да се постигне температура од најмалку 56 ° C во времетраење од најмалку 40 последователни минути низ целото дрво. За ова треба да има доказ со ознака „НТ" поставена на дрвото или на пакувањето согласно сегашната употреба, и на сертификатите наведени во делот "дополнителна декларација",<br>или<br>(в) е израмнето во форма на квадрат со цел целосно отстранување на природната заоблена површина. |
| 1.9. | Независно дали се или не се наведени во ТО од Листа V дел Б, изолирана кора и дрво од *Juglans* L. и *Pterocarya* Kunth, освен во форма на:<br>- деланки, делчиња, пилевина, струготини, отпадоци од дрво и остатоци добиени во целост или делумно од овие растенија, со потекло од САД. | Без оглед на одредбите што се применуваат за дрвото наведено во Листа IV дел А секција 1, точки (1.8.), (2.3), (2.4) и (2.5), официјална изјава дека дрвото или изолираната кора:<br>(а) потекнуваат од област слободна од *Geosmithia morbida* Kolarík, Freeland, Utley & Tisserat и нејзиниот вектор *Pityophthorus thorus juglandis* Blackman, утврдена од страна на Националната организација за заштита на растенија во согласност со релевантните меѓународни стандарди за фитосанитарни мерки, и која е спомената на сертификатите во делот "дополнителна декларација",<br>или<br>(б) биле подложени на соодветен топлотен третман со цел да се постигне минимална температура од 56 ° C во |

| | | |
|---|---|---|
| | | времетраење од најмалку 40 минути низ целото дрво. Второто треба да се наведе на сертификатите. |
| 2. | Дрвен материјал за пакување, во форма на сандаци за пакување, кутии, сандаци, гајби, буриња и слични пакувања, палети, бокс палети и останата амбалажа за товарење, палети за прицврстување кои се користат во транспортот на објекти од сите типови, освен сирово дрво од 6 mm. со дебелина или помала, и обработено дрво произведено со лепило, топлина и притисок, или комбинација од нив, како и потпорен материјал за потпора на пратки од дрво, што е изработено од дрво од ист тип и квалитет како дрвото во пратката и кое ги исполнува истите фитосанитарни барања од Република Северна Македонија, како и дрвата во пратката кои доаѓаат од не – европски земји. | Дрвениот материјал за пакување:<br><br>- е ослободен од кора, како што е наведено во Прилог I на ФАО Меѓународниот стандард за фитосанитарни мерки бр. 15 Насоки за регулирање на дрвениот материјал за пакување во меѓународната трговија,<br><br>- е предмет на еден од одобрените третмани наведени во Прилог I на ФАО Меѓународниот стандард за фитосанитарни мерки бр. 15 Насоки за регулирање на дрвениот материјал за пакување во меѓународмата трговија и<br><br>- да поседува ознака како што е наведено во Прилог II на ФАО Меѓународниот стандард за фитосанитарни мерки бр. 15 Насоки за регулирање на дрвениот материјал за пакување во меѓународната трговија, што укажува дека дрвениот материјал за пакување бил подложен на одобрен фитосанитарен третман во согласност со овој стандард. |
| 2.1. | Дрво од *Acer saccharum* Marsh., вклучително и дрво кое не ја задржало својата природна тркалезна површина, освен во форма на:<br><br>- дрво наменето за производство на фурнир плочи,<br><br>- деланки, делчиња, пилевина, струготини, отпадоци од дрво и остатоци,<br><br>- дрвен материјал за пакување, во форма на сандаци за пакување, кутии, сандаци, буриња и слични пакувања, палети, бокс палети и останата амбалажа за товарење, рамки за палети, потпорен материјал, без разлика дали всушност се користи во превоз на предмети од сите видови, освен потпорен материјал што се користи за потпора на пратки од дрво, изработени од дрво од истиот тип и квалитет како и дрвото во пратката и кое ги исполнува истите фитосанитарни барања на | Официјална изјава дека дрвото било подложено на сушење во комора под 20% содржина на влага, изразена како процент на сува материја, постигната преку соодветен распоред на време / температура За ова треба да има доказ со ознаката "Kiln-dried" или "KD" или друга меѓународно признаена ознака, ставена на дрвото или на пакувањето согласно тековната употреба. |

| | | |
|---|---|---|
| | Република Северна Македонија, како и дрвото во пратката, со потекло од САД и Канада. | |
| 2.2. | Дрво од *Acer saccharum* Mersh, наменето за производство на фурнир плочи, кое потекнува од САД и Канада. | Официјална изјава дека дрвото потекнува од области познато дека се слободни од *Ceratocystis virescens* (Davidson) Moreau и е наменето за производство на фурнир плочи. |
| 2.3 | Независно дали се или не се наведениво ТО од Листа V дел Б, дрво од*Fraxinus L.*, *Juglans ailantifolia* Carr., *Juglans mandshurica* Maxim., *Ulmus davidiana* Planch., и *Pterocarya rhoifolia* Siebold & Zucc., освен во форма на:<br>- деланки, честички, пилевина, струготини, остатоци од дрво, добиени целосно или делумно од овие дрва,<br>- дрвен материјал за пакување, во форма на сандаци за пакување, кутии, сандаци, гајби, буриња и слични пакувања, палети, бокс палети и останата амбалажа за товарење, палети за прицврстување кои се користат во транспортот на објекти од сите типови, освен потпорен материјал што се користи за потпора на пратки од дрво, изработено од дрво од истиот вид и квалитет како и дрвото во пратката и што ги исполнува истите фитосанитарни барања на Република Северна Македонија - како и дрвото во пратката,<br><br>но, вклучително и дрво кое не ја задржало својата природна округла површина, и мебелот и другите предмети направени од нетретирано дрво, со потекло од Канада, Кина, Демократска Народна Република Кореја, Јапонија, Монголија, Република Кореја, Русија, Тајван и САД. | Официјална изјава дека дрвото:<br>(а) потекнува од област утврдена од Националната организација за заштита на растенијата од земјата извозничка дека е слободна од *Agrilus planipennis* Fairmaire во согласност со процедурата. Местото на потекло треба да биде наведено во сертификатите,<br>или<br>(б) кората и најмалку 2.5 cm од наворешната беловина се отстранети во објект што е овластен и под надзор на Националната организација за заштита на растенијата,<br>или<br>(в) дрвото било подложено на јонизирачко зрачење за да се постигне минимална апсорбирана доза од 1 kGy низ целото дрво. |
| 2.4. | Независно дали се или не наведени во ТО од Листа V дел Б, дрво во форма на деланки, добиени целосно или делумно од *Fraxinus L.*, *Juglans ailantifolia* Carr, *Juglans mandshurica* Maxim. *Ulmus davidiana* Planch.,. и *Pterocarya rhoifolia* | Официјална изјава дека дрвото потекнува од област утврдена од Националната организација за заштита на растенијата од земјата извозничка дека е слободна од *Agrilus planipennis* Fairmaire во согласност со процедурата. Местото на потекло треба да биде наведено во сертификатите. |

| | | |
|---|---|---|
| | Siebold & Zucc. кое потекнува од Канада, Кина, Јапонија, Монголија, Република Кореја, Русија, Тајван и САД. | |
| 2.5 | Независно дали се или не наведени во ТО од Листа V дел Б, изолирана кора од *Fraxinus* L., *Juglans ailantifolia* Carr, *Juglans mandshurica* Maxim.*Ulmus davidiana* Planch.,Jacq. и *Pterocarya rhoifolia* Siebold & Zucc. кое потекнува од Канада, Кина, Јапонија, Монголија, Република Кореја, Русија, Тајван и САД. | Официјална изјава дека изолираната кора потекнува од област утврдена од Националната организација за заштита на растенијата од земјата извозничка дека е слободна од *Agrilus planipennis* Fairmaire во согласност со процедурата. Местото на потекло треба да биде наведено во сертификатите. |
| 3. | Дрво од *Quercus* L., освен во форма на:<br>- деланки, делчиња, пилевина, струготина, отпад од дрво или отпадок,<br>- буриња, бочви, кади и други изработени производи и делови од него, од дрво вклучувајќи и палки, каде што има документирани докази дека дрвото е произведено или обработено употребувајќи топлотен третман за постигнување на минимум температура од 176 C⁰ за 20 минути,<br>- дрвен материјал за пакување, во форма на сандаци за пакување, кутии, сандаци, буриња и слични пакувања, палети, бокс палети и останата амбалажа за товарење, рамки за палети, потпорен материјал, без разлика дали се користи во превоз на предмети од сите видови, освенпотпорен материјал што се користи за потпора на пратки од дрво, изработени од дрво од истиот тип и квалитет како и дрвото во пратката и кое ги исполнува истите фитосанитарни барања на Република Северна Македонија, како и дрвото во пратката,<br><br>но, вклучувајќи и дрво кое ја нема задржано својата природна округла форма, кое потекнува од САД. | Официјална изјава дека дрвото:<br><br>(а) е квадрат со цел да се отстрани целосно округлата површина,<br><br>или<br><br>(б) е ослободено од кора и содржината на вода е помала од 20 % изразена како проценти на сува материја,<br><br>или<br><br>(в) е ослободено од кора и е дезинфицирана со соодветен топол воздух или жежок воден третман,<br><br>или<br><br>(г) ако е режено, со или без присуство на остаток на кора, има поминато сушење во комора дрво под 20% содржина на влага, изразена како процент на суви материи, остварено преку соодветен распоред на време/температура. За ова ќе има доказ со ознаката "Kiln-dried" или "KD" или друга меѓународно призната ознака, ставена на дрвото или на пакувањето согласно со сегашната употреба. |

| | | |
|---|---|---|
| 4.1. | Независно дали се или не се наведени воТОод Листа V дел Б, дрво од *Betula* L, освен во форма на:<br>- деланки, делчиња, пилевина, струготини, отпадоци од дрво и остатоци добиени во целост или делумно од овие дрва,<br>- дрвен материјал за пакување, во форма на сандаци за пакување, кутии, сандаци, буриња и слични пакувања, палети, бокс палети и останата амбалажа за товарење, рамки за палети, потпорен материјал, без разлика дали всушност се користи во превоз на предмети од секаков вид, освен потпорен материјал што се користи за потпора на пратки од дрво, изработени од дрво од истиот тип и квалитет како и дрвото во пратката и кое ги исполнува истите фитосанитарни барања на Република Северна Македонија, како и дрвото во пратката,<br>но, вклучително и дрво кое не ја задржало својата природна тркалезна површина, мебелот и другите предмети изработени од нетретирано дрво, со потекло од Канада и САД каде е познато дека се јавува *Agrilus anxius* Gory. | Официјална изјава дека:<br>(а) кората и најмалку 2.5 cm од надворешната беловина се отстранети во објект што е овластен и под надзор на Националната организација за заштита на растенијата,<br>или<br>(б) дрвото било подложено на јонизирачко зрачење за да се постигне минимална апсорбирана доза од 1 kGy низ целото дрво. |
| 4.2. | Независно дали се или не се наведени воТОод Листа V дел Б, дрво во форма на деланки, делчиња, пилевина, струготини, отпадоци од дрво и остатоци добиени во целост или делумно од *Betula* L. | Официјална изјава дека дрвото потекнува од земја за која се знае дека е слободна од *Agrilus anxius* Gory. |
| 4.3. | Независно дали се или не се наведени воТОод Листа V дел Б, кора и предмети изработени од кора од *Betula* L., со потекло од Канада и САД каде е познато дека се јавува *Agrilus anxius*. | Официјална изјава дека кората е без дрво. |
| 5. | Независно дали се или не се наведени воТОод Листа V дел Б, дрво од *Platanus* L., освен<br>- дрвен материјал за пакување, во форма на сандаци за пакување, | Официјална изјава дека дрвото:<br>а) потекнува од област слободна од *Ceratocystis platani* (JM Walter) Engelbr.& T C Harr утврдено од Националната организација за заштита на растенијата во земјата на потекло во согласност со со соодветните меѓународни стандарди за |

| | | |
|---|---|---|
| | кутии, гајби, буриња и слични пакувања, палети, бокс палети и други товарни плочи рамки за палети, потпорен материјал, без разлика дали се користи во превоз на предмети од секаков вид, освен потпорен материјал што се користи за потпора на пратки од дрво, изработени од дрво од истиот вид и квалитет како и дрвото во пратката и што ги исполнува истите фитосанитарните барања на Република Северна Македонија како и дрвото во пратката,<br><br>но, вклучително и дрво кое не ја задржало својата природна тркалезна површина, и дрво во форма на деланки, делчиња, пилевина, струготини, отпадоци од дрво и остатоци добиени во целост или делумно од *Platanus* L., со потекло од Албанија,Ерменија, Швајцарија, Турција и САД | фитосанитарни мерки, што е наведено на сертификатите во делот "дополнителна декларација",<br><br>или<br><br>(б) било подложено на сушење во комора до содржина на влага помала од 20%, изразена како процент на сува материја, постигната преку соодветен распоред на време / температура. За ова треба да има доказ со ознаката "Kiln-dried" или "KD" или друга меѓународно признаена ознака, ставена на дрвото или на пакувањето согласно тековната употреба. |
| 6. | Дрво од *Populus L.*, освен во форма на:<br><br>- деланки, делчиња, пилевина, струготина, отпад од дрво или отпадок,<br><br>- дрвен материјал за пакување, во форма на сандаци за пакување, кутии, сандаци, буриња и слични пакувања, палети, бокс палети и останата амбалажа за товарење, рамки за палети, потпорен материјал, без разлика дали се користи во превоз на предмети од сите видови, освен потпорен материјал што се користи за потпора на пратки од дрво, изработени од дрво од истиот тип и квалитет како и дрвото во пратката и кое ги исполнува истите фитосанитарни барања на Република Северна Македонија, како и дрвото во пратката,<br><br>но, вклучително и дрво кое ја нема задржано својата природна округла форма, кое потекнува од земјите на американскиот континент. | Официјална изјава дека дрвото:<br><br>(а) е без кора,<br><br>или<br><br>(б) има поминато сушење во комора под 20% содржина на влага, изразена како процент на суви материи, остварено преку соодветен распоред на време / температура. За ова ќе има доказ со ознаката "Kiln-dried" или "KD" или друга меѓународно признаена ознака, ставена на дрвото или на пакувањето, согласно со тековната употреба. |
| 7.1.1. | Независно дали се или не се наведени во ТО од Листа V дел Б, дрво во форма | Официјална изјава дека дрвото: |

| | | |
|---|---|---|
| | на деланки, делчиња, пилевина, струготина, отпад од дрво или отпадок добиен целосно или делумно од:<br>- *Acer saccharum* Mersh, кое потекнува од САД и Канада,<br>- *Populus L.*, кое потекнува од американскиот континент. | (а) е произведено од округло дрво без кора,<br>или<br>(б) има поминато сушење во комора под 20% содржина на влага, изразена како процент на суви материи, постигнато преку соодветен распоред на време /температура,<br>или<br>(в) има поминато соодветна фумигација со упатства одобрени согласно со процедурата. За ова треба да има доказ со наведување на активната материја, минимумот на температура на дрвото, доза во ($g/m^3$) и времето на изложеност изразено во (h)во сертификатите во делот "дополнителна декларација",<br>или<br>(г) има поминато соодветен топлотен третман за постигнување на минимална температура од 56°C во времетраење од 30 минути низ целото дрво (вклучително и срцевината на дрвото), второспоменатото треба да е наведено на сертификатите. |
| 7.2. | Независно дали се или не се наведени во ТО од Листа V дел Б, дрво во форма на деланки, делчиња, пилевина, струготина, отпад од дрво или отпадок добиен целосно или делумно од *Quercus* L. кое потекнува од САД. | Официјална изјава дека дрвото:<br>(а) има поминато сушење во комора под 20% содржина на влага, изразена како процент на суви материи, остварено преку соодветен распоред на време/ температура,<br>или<br>(б) има поминато соодветна фумигација со упатства одобрени согласно со процедурата. За ова треба да има доказ со наведување во сертификатите во делот "дополнителна декларација", на активната материја, минимумот на температура на дрвото, доза во ($g/m^3$) и времето на изложеност изразено во (h),<br>или<br>(в) има поминато соодветен топлотен третман за постигнување на минимална температура од 56°C во времетраење од 30 минути низ целото дрво (вклучително и на срцевината на дрвото), второспоменатото треба да е наведено на сертификатите. |
| 7.3. | Изолирана кора од иглолисни видови (*Coniferales*), кои потекнуваат од не - европски земји: | Официјална изјава дека изолираната кора:<br>(а) била предмет на соодветна фумигација со одобрен фумигант. За ова треба да има доказ со наведување во сертификатите во делот "дополнителна декларација", на активната материја, минимумот на температура на дрвото, доза во ($g/m^3$) и времето на изложеност изразено во (h)<br>или |

| | | |
|---|---|---|
| | | (б) има поминато соодветен топлотен третман за постигнување на минимална температура од 56°C во времетраење од 30 минути, низ целото дрво (вклучително и на срцевината на дрвото), второ споменатото треба да е наведено на сертификатите<br><br>и официјална изјава дека по третманот кората е транспортирана до нејзиното напуштање на земјата давајќи ја таа изјава вон сезоната на лет на векторот*Monochamus*, земајќи ја предвид безбедносната граница од четири дополнителни недели на почетокот и на крајот од предвидената сезона на лет или со заштитно покривање со кое се гарантира дека нема да дојде до зараза со *Bursaphelenchus xylophilus* (Steiner et Bührer) Nickle et al. или нејзиниот вектор. |
| 7.4. | Независно дали се или не се наведени во ТО од Листа V дел Б, дрво од *Amelanchier* Medik., *Aronia* Medik., *Cotoneaster* Medik., *Crataegus* L., *Cydonia* Mill., *Malus* Mill., *Prunus* L., *Pyracantha* M. Roem., *Pyrus* L. и *Sorbus* L., освен во форма на:<br><br>- деланки, делчиња и пилевина, добиени во целост или делумно од овие растенија,<br>- дрвен материјал за пакување, во форма на сандаци за пакување, кутии, сандаци, буриња и слични пакувања, палети, бокс палети и останата амбалажа за товарење, рамки за палети, потпорен материјал без разлика дали се користи во превоз на предмети од сите видови, освен потпорен материјал што се користи за потпора на пратки од дрво, изработени од дрво од истиот тип и квалитет како и дрвото во пратката и кое ги исполнува истите фитосанитарни барања на Република Северна Македонија, како и дрвото во пратката,<br><br>но, вклучувајќи го и она што не ја задржало својата природна тркалезна површина, со потекло од Канада и САД. | Официјална изјава дека дрвото:<br><br>(а) потекнува од област слободна од *Saperda candida* Fabricius, утврдено од Националната организација за заштита на растенијата во земјата на потекло, во согласност со релевантните меѓународни стандарди за фитосанитарни мерки, како што е наведено во сертификатите во делот "дополнителна декларација",<br><br>или<br><br>(б) има поминато соодветен топлотен третман за постигнување на минимална температура од 56°C во времетраење од 30 минути низ целото дрво (вклучително и на срцевината на дрвото), второспоменатото треба да е наведено на сертификатите,<br><br>или<br><br>(в) било подложено на соодветно јонизирачко зрачење за да се постигне минимална апсорбирана доза од 1 kGy низ дрвото, како што е наведено на сертификатите во делот "дополнителна декларација". |
| 7.5. | Независно дали се или не се наведени во ТО од Листа V дел Б, дрво во форма на деланки добиено во целост или | Официјална изјава дека дрвото:<br><br>(а) потекнува од област слободна од *Saperda candida* Fabricius, |

| | | |
|---|---|---|
| | делумно од *Amelanchier* Medik., *Aronia* Medik., *Cotoneaster*Medik., *Crataegus* L., *Cydonia* Mill., *Malus* Mill., *Prunus* L., *Pyracantha* M. Roem., *Pyrus* L. и *Sorbus* L., со потекло од Канада и САД. | утврдено од Националната организација за заштита на растенијата во земјата на потекло во согласност со релевантните меѓународни стандарди за фитосанитарни мерки, што е споменато на сертификатите наведени во делот "дополнителна декларација",<br><br>или<br><br>(б) е преработено на парчиња со дебелина и ширина не поголеми од 2,5 cm,<br><br>или<br><br>(в) поминало соодветен топлотен третман со цел да се постигне минимална температура од 56°C во времетраење од најмалку 30 минути низ целиот профил на деланки што треба да се наведе на сертификатите. |
| 7.6. | Независно дали се или не се наведени во ТО од Листа V дел Б, дрво од *Prunus* L, освен во форма на:<br><br>- деланки, делчиња, пилевина, струготини, отпадоци од дрво и остатоци добиени во целост или делумно од овие растенија,<br><br>- дрвен материјал за пакување, во форма на сандаци за пакување, кутии, сандаци, буриња и слични пакувања, палети, бокс палети и останата амбалажа за товарење, рамки за палети,потпорен материјал, независно дали се користи во превоз на предмети од сите видови, освен потпорен материјал што се користи за потпора на пратки од дрво, изработени од дрво од истиот тип и квалитет како и дрвото во пратката и кое ги исполнува истите фитосанитарни услови како и дрвото во пратката, но вклучувајќи го и она што не ја задржало својата природна тркалезна површина, со потекло од Кина, Демократска Народна Република Кореја, Монголија,Јапонија, Република Кореја и Виетнам. | Без оглед на одредбите што се применуваат на дрвото наведено од Листа IV дел А секција 1, точки (7.4.) и (7.5), официјална изјава дека дрвото:<br><br>(а) потекнува од област слободна од *Aromia bungii* (Falderman), утврдено од Националната организација за заштита на растенијата во земјата на потекло, во согласност со релевантните меѓународни стандарди за фитосанитарни мерки, како што е наведено во сертификатите во делот "дополнителна декларација",<br><br>или<br><br>(б) поминало соодветен топлотен третман со цел да се постигне минимална температура од 56°C во времетраење од најмалку 30 минути низ целото дрво, како што е наведено во сертификатите,<br><br>или<br><br>(в) било подложено на соодветно јонизирачко зрачење за да се постигне минимална апсорбирана доза од 1 kGy низ дрвото, како што е наведено на сертификатите. |
| 7.7. | Независно дали се или не се наведени во ТО од Листа V дел Б, дрво во форма | Без оглед на одредбите што се применуваат за дрвото наведено Листа IV дел А секција 1, точки (7.4.) и (7.5) и (7.6.), |

| | | |
|---|---|---|
| | на деланки, делчиња, пилевина, струготини, отпадоци од дрво и остатоци добиено во целост или делумно од *Prunus* L., со потекло од Кина, Демократска Народна Република Кореја, Монголија, Јапонија, Република Кореја и Виетнам. | официјална изјава дека дрвото:<br><br>(а) потекнува од област слободна од *Aromia bungii* (Faldermann) утврдено од Националната организација за заштита на растенијата во земјата на потекло, во согласност со релевантните меѓународни стандарди за фитосанитарни мерки, како што е наведено во сертификатите во делот "дополнителна декларација",<br><br>или<br><br>(б) е преработено на парчиња со дебелина и ширина не поголеми од 2,5 см,<br><br>или<br><br>(в) поминало соодветен топлотен третман со цел да се постигне минимална температура од 56°C во времетраење од најмалку 30 минути низ целото дрво, како што е наведено во сертификатите. |
| 8.1. | Растенија од иглолисни видови (*Coniferales*), освен од плодови и семе, кои потекнуваат од не - европски земји. | Без оглед на забраните кои се спроведуваат за растенијата наведени во Листа III дел А точка (1), каде е потребна официјална изјава дека растенијата биле произведени во расадници и дека местото на производство е слободно од *Pissodes* spp. (не-европски). |
| 8.2. | Растенија од иглолисни видови (*Coniferales*), освен од плодови и семе, со висина над 3 m, кои потекнуваат од не европски земји. | Без оглед на забраните кои се спроведуваат за растенијата наведени во Листа III дел А точка (1) и Листа IV дел А секција 1 точка (8.1), каде е потребна, официјална изјава дека растенијата биле произведени во расадници и дека местото на производство е слободно од *Scolytidae* spp. (не - европски). |
| 9. | Растенија од *Pinus L.,* наменети за садењеосвен семе. | Без оглед на одредбите кои се спроведуваат за растенијата наведени во Листа III дел А точка (1)и Листа IV дел А секција 1 точки (8.1) и (8.2) официјална изјава дека не биле забележани симптоми од *Scirrhia acicola* (Dearn.) Siggers или *Scirrhia pini* Funk и Parker на местото на производство или неговата непосредна близина од започнувањето на последниот целосен вегетациски циклус. |
| 10. | Растенија од *Abies* Mill., *Larix* Mill., *Picea* A. Dietr., *Pinus* L.,*Pseudotsuga* Carr., *Tsuga* Carr., наменети за садење,освен семе. | Без оглед на одредбите кои се спроведуваат за растенијата наведени во Листа III дел А точка (1) и Листа IV дел А секција 1 точки (8.1) и (8.2) и (9), официјална изјава дека не се забележани симптоми од *Melampsora medusae* Thumen на местото на производство или неговата непосредна близина од започнувањето на последниот целосен вегетациски циклус. |
| 11.01. | Растенија од *Quercus* L., освен плодови и семе, кои потекнуваат од САД. | Без оглед на одредбите кои се спроведуваат за растенијата наведени во Листа III дел А точка (5),официјална изјава дека растенијата потекнуваат од области за кои е познато дека се слободни од *Ceratocystis fagacearum* (Bretz) Hunt. |

| | | |
|---|---|---|
| 11.1. | Растенија од *Castanea* Mill. и *Quercus* L., освен плодови и семе, кои потекнуваат од не-европските земји. | Без оглед на забраните кои се спроведуваат за растенијата наведени во Листа III дел А точки(4) и (5) и Листа IV дел А секција 1 точка (11.01), официјална изјава дека не биле забележани симптоми од *Cronartium* spp. (не-европски) на местото на производство или неговата непосредна близина од започнувањето на последниот целосен вегетациски циклус. |
| 11.2. | растенија од *Castanea* Mill. и *Quercus* L., наменети за садењеосвен семе. | Без оглед на одредбите кои се спроведуваат за растенијата наведени во Листа III дел А точки(4) и (5) и Листа IV дел А секција 1 точка (11.1), официјална изјава дека:<br><br>(а) растенијата потекнуваат од области познато дека се слободни од *Cryphonectria parasitica* (Murrill) Barr,<br><br>или<br><br>(б) не биле забележани симптоми од *Cryphonectria parasitica* (Murrill) Barr, на местото на производство или неговата непосредна близина од започнувањето на последниот целосен вегетациски циклус. |
| 11.3. | растенија од *Corylus* L. наменети за садење,освен семе, кое потекнува од Канада и САД. | Официјална изјава дека растенијата биле одгледани во расадници кои:<br><br>(а) потекнуваат од област, утврдена од Националната организација за заштита на растенијата на земјата извозничка, дека е слободна од*Anisogramma anomala* (Peck) E. Muller, согласно релевантните меѓународни стандарди за фитосанитарни мерки и кое е наведено во сертификатите во делот "дополнителна декларација",<br><br>или<br><br>(б) потекнуваат од место на производство, утврдена од Националната организација за заштита на растенијата на земјата извозничка, каде е потврдено дека е слободна од *Anisogramma anomala* (Peck) E. Muller, од официјални инспекции кои се спроведуваат на местото на производство или неговата непосредна близина од започнувањето на последните три целосни вегетациски циклуси, во согласност со релевантните меѓународни стандарди за фитосанитарни мерки и кое е наведено во сертификатите во делот "дополнителна декларација" и признаена дека е слободна од *Anisogramma anomala* (Peck) E. Muller. |
| 11.4. | Растенија од *Fraxinus* L., *Juglans ailantifolia* Carr, *Juglans mandshurica* Maxim.,*Ulmus davidiana* Planch., *Pterocarua rhoifolia* Siebold & Zucc., наменети за садење, освен од семе и растенија во култура на ткиво кои потекнуваат од Канада, Кина, Јапонија, Монголија, Република Кореја, Русија, | Официјална изјава дека растенијата:<br><br>Потекнуваат од област признаена како слободна од *Agrilus planipennis* Fairmaire, утврдена од Националната организација за заштита на растенијата во согласност со процедурата. Името на областа треба да биде наведено во сертификатите. |

| | | |
|---|---|---|
| | Тајван и САД. | |
| 11.4.1. | Растенија од *Juglans* L. и *Pterocarya* Kunth, наменети за садење, освен семе, со потекло од САД. | Без оглед на одредбите кои се спроведуваат за растенијата наведени во Листа IV дел А секција 1 точка (11.4),официјална изјава дека растенијата за садење:<br><br>(а) биле одгледувани во област слободна од *Geosmithia morbida* Kolarik, Freeland, Utley & Tisserat и нејзиниот вектор *Pityophthorus juglandis* Blackman, утврдено од страна на Националната организација за заштита на растенија во согласност со релевантните меѓународни стандарди за фитосанитарни мерки и која е наведена на сертификатите во делот "дополнителна декларација",<br><br>или<br><br>(б) потекнуваат од место на производство, вклучувајќи ја и неговата непосредна близина во радиус од најмалку 5 км каде што не се забележани симптоми ниту на*Geosmithia morbida* Kolarik, Freeland, Utley & Tisserat и нејзиниот вектор *Pityoph thorus juglandis* Blackman, ниту пак е забележано присуство на векторот за време на официјалните контроли во текот на две години пред извозот; растенијата за садење се проверени непосредно пред извозот и со нив е ракувано и се спакувани на начин со којшто ќе се спречи зараза по нивното напуштање на местото на производство,<br><br>или<br><br>(в) потекнуваат од место на производство со целосна физичка изолација, а растенијата за садење се непосредно прегледани пред извозот и со нив е ракувано и се спакувани на начин со кој ќе се спречи зараза по напуштањето на местото на производство. |
| 11.5 | Растенија од *Betula* L., освен плодови и семе, но вклучувајќи режани гранки од *Betula* L. со или без зеленило. | Официјална изјава дека растенијата потекнуваат од земја позната дека е слободна од *Agrilus anxius* Gory. |
| 12. | Растенија од*Platanus* L., наменети за садење,освен семе кое потекнува од Албанија, Ерменија, Швајцарија, Турција и САД. | Официјална изјава дека растенијата:<br><br>(а) потекнуваат од област за којашто Националната организација за заштита на растенија во земјата на потекло утврдила дека е слободна од *Ceratocystis platani* (JM Walter) Engelbr. & T C Harr во согласност со соодветните меѓународни стандарди за фитосанитарни мерки, како што е наведено во сертификатите во делот "дополнителна декларација",<br><br>или<br><br>(б) немаат симптоми на *Ceratocystis platani* (J.M. Walter) Engelbr. & T. C. Harr на местото на производство или неговата непосредна близина од почетокот на последниот целосен циклус на вегетација. |

| | | |
|---|---|---|
| 13.1. | Растенија од *Populus L.*, наменети за садењеосвен семе, кое потекнува од трети земји. | Без оглед на забраните кои се спроведуваат за растенијата наведени во Листа III дел А точка (3) официјална изјава дека не се забележани симптоми од *Melampsora medusae* Thumen на местото на производство или неговата непосредна близина од започнувањето на последниот целосен вегетациски циклус. |
| 13.2. | Растенија од *Populus L.* освен плодови и семе, кои потекнуваат од земјите од американскиот континент. | Без оглед на одредбите кои се спроведуваат за растенијата наведени во Листа III дел А точка (3) и Листа IV дел А секција 1 точка (13.1),официјална изјава дека не се забележани симптоми од *Mycosphaerella populorum* G.E.Thompsonна местото на производство или неговата непосредна близина од започнувањето на последниот целосен вегетациски циклус. |
| 14. | Растенија од *Ulmus L.*наменети за садење, освен семе, кои потекнуваат од земјите од северна Америка. | Без оглед на одредбите кои се спроведуваат за растенијата во Листа IV дел А секција 1 точка (11.4), официјална изјава дека не се забележани симптоми од *Candidatus Phytoplasma ulmi* mycoplasmна местото на производство или неговата непосредна близина од започнувањето на последниот целосен вегетециски циклус. |
